Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



јули, 2023 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ........................................ 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........................................ 3
**Индустриско производство** ........................................ 3
**Број на работници во индустријата** ........................................ 4
**Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите** ........................................ 5
**Инфлација** ........................................ 6
**Берзански цени** ........................................ 7
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........................................ 9
**Извоз** ........................................ 9
**Увоз** ........................................ 10
**Салдо на трговска размена** ........................................ 11
**Валутна структура** ........................................ 12
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........................................ 12
**Буџетски приходи според економската класификација** ........................................ 12
**Буџетски расходи според економската класификација** ........................................ 13
**Расходи по буџетски корисници** ........................................ 14
**Буџетско салдо** ........................................ 15
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........................................ 16
**Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување** ........................................ 16
**Плати** ........................................ 17
**Пензии** ........................................ 17
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........................................ 18
**Примарни пари** ........................................ 18
**Депозитен потенцијал** ........................................ 18
**Кредити на банките** ........................................ 19
**Каматни стапки на депозитни банки** ........................................ 20
**Пазар на капитал** ........................................ 20
**Девизни резерви** ........................................ 21



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2023 година

- Индустриското производство во јули 2023 година забележа пад од 1,8% во споредба со истиот месец претходната година;

- Стапката на инфлација во јули изнесува 8,4% (9,3% во јуни 2023 година) на годишно ниво, што претставува забавување на годишниот раст, и втор месец по ред е едноцифрена. На месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 1,0%;

- Во периодот јануари - јули 2023 година извозот забележа раст од 3,8%, а увозот пад од 7,0%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 30,8%, споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2023 година изнесуваа 153.968 милиони денари, односно 17,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,9% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2023 година изнесуваа 181.001 милион денари, односно 20,4% од БДП, што е за 22,5% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во јули 2023 година се зголемија за 5,8% во споредба со јули 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јули 2023 година забележа пад од 1,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен за 13,5% и Преработувачка индустрија за 1,2%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст за 8,8%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во јули 2023 година бележат 10 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 46,1% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност раст во јули 2023 година е забележан во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 29,4% со придонес од 3,1 п.п., производство на машини и уреди за 14,0% со придонес од 1,0 п.п. и производство на метали за 30,6%, со придонес од 1,8 п.п., а гранката производство на електрична опрема бележи намалување од 23,2% со придонес од -1,5 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, зголемување на производството во јули 2023 година се забележува во: производство на пијалаци за 4,0% и придонес од 0,2 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 2,6% и придонес од 0,0 п.п., додека намалување на производството се забележува во следните гранки: прехранбена индустрија за 8,8% со придонес од -0,9 п.п., производство на тутунски производи за 67,8%и придонес од -0,7 п.п., производство на текстил за 0,4% и придонес од 0,0 п.п., производство на облека за 18,9% со придонес од -1,3 п.п. и производство на кожа за 48,4% и придонес од -0,3 п.п..

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во јули 2023 година е резултат на намаленото производство во следните гранки: Енергија (пад од 6,1% и придонес од -0,5 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 1,8% и придонес од -0,6 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 18,9% и придонес од -0,8 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 13,8% и придонес од -4,5 п.п.), додека зголемување на производството бележи гранката Капитални производи (раст од 28,0% и придонес од 5,7 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

На кумулативна основа, во периодот јануари - јули 2023 година индустријата забележа раст од 1,0%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 24,8% (придонес од 1,7 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен за 4,5% (придонес од -0,5 п.п.) и Преработувачка индустрија за 0,3% (придонес од -0,3 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2023 година)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2023 година)*




Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - јули 2023 година е регистриран во гранките: Енергија (14,6%), Капитални производи (10,1%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (3,0%), а пад во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (за 9,6%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 1,0%),

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јули 2023 година е зголемен за 0,4% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 0,8%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен за 2,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,2%. Раст на бројот на работници се забележува во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 15,1%, производство на текстил за 3,9% и вадење руди на метал за 0,5%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи и тоа за 12,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јули 2023 година бележи раст од 0,8%, што се должи на зголемениот број работници

во секторот Преработувачка индустрија за 1,3%, додека намалување на бројот на работници се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 2,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,0%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јули 2023 година е зголемен во групата Капитални производи за 12,5%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2023 година издадени се вкупно 280 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 33,6% во однос на истиот месец од 2022 година, како резултат на годишниот пад на издадени одобренија за градење за високоградба (кои учествуваат со 47,9% во вкупниот број издадени одобренија за градење) за 46,4%, како и за објектите за реконструкција, со намалување од 54,8%. Споредено со јуни 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 15,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2023 година е пониска за 33,2% на годишна основа, а во однос на претходниот месец бележи пад од 18,8%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 134 (или 47,8%) се наменети за објекти од високоградба, 89 (или 31,8%) за објекти од нискоградба и 57 (или 20,4%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 280 издадени одобренија за градба, на 139 објекти (или 49,6%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 141 објект (или 50,4%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јули 2023 година

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јули 2023)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



предвидена е изградба на 218 станови со вкупна корисна површина од 25.615 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 58,9% на месечно ниво, а на годишно ниво за 76,0%.

## Инфлација

Стапката на инфлација во јули изнесува 8,4% (9,3% во јуни 2023 година), што преставува забавување на годишниот раст и втор месец по ред е едноцифрена.

Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната, енергентите, но и на растот на базичната инфлација. Цената на струјата во јули 2023 година се зголеми како резултат на одлука на РКЕ поради враќање на стапката на ДДВ од 10% на 18%, поточно РКЕ ја намали цената на енергијата за првиот блок, а ја зголеми за другите три блока.

Кумулативно, во првите седум месеци од 2023 година стапката на инфлација изнесува 12,8%.

Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) во јули изнесува 7,9% на годишна основа (8,7% претходниот месец), и таа постепено забавува. Најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата и Ресторани и хотели.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци се зголемија за 11,8% на годишно ниво (намалување за 0,3 п.п. од 12,1% во јуни). Придонесот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во вкупната инфлација во јули изнесува 4,8 п.п..

Графикон 1.9: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месо (годишен раст од 15,7%, придонес 1,4 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 13,0%, придонес 1,0 п.п.), зеленчук (годишен раст од 21,5%, придонес 1,0 п.п.) и леб и житни производи (годишен раст од 10,9%, придонес 0,9 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јули 2023 година е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 14,3%. Раст на цените е регистриран и во следните категории: Ресторани и хотели за 12,9%, Разновидни стоки и услуги за 11,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 9,2%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 8,4%, Облека и обувки за 5,0%, Здравствена заштита за 4,6%, Рекреација и култура за 3,2%, Образование за 2,5% и Комуникации за 0,6%.

Намалување од 8,3% е регистрирано во категоријата Транспорт, како резултат на намалување на цените на горивата.

Стапката на инфлација во јули се зголеми за 1,0% на месечно ниво (минатиот месец и цените се зголемија за 1,0%). Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци овој месец регистрира раст од 1,0% (раст од 1,4% претходниот месец), при што најголем придонес во растот на месечно ниво имаше зголемувањето на цените на лебот и житата (0,3 п.п.), овошјето (0,2 п.п.) и млекото,сирењето и јајцата (0,1 п.п.).

Во јули 2023 година цените на мало се зголемија за 4,9% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,6%. Во првите седум месеци од 2023 година цените на мало се зголемија за 9,1%.

Графикон 10: Споредба на инфлација (годишни стапки на раст во %) меѓу земјите од Западен Балкан




Во еврозоната, стапката на инфлација во јули 2023 година регистрира намалување за 0,2 п.п. споредено со претходниот месец и изнесува 5,3% (5,5% во јуни).

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и тоа за 0,1 п.п. за секоја година, поради очекуваниот раст на другите компоненти и покрај намалувањето на енергетската компонента. Проекциите за цените на храната се ревидирани во нагорна насока поради посилниот раст на платите, а се очекува и побавно намалување на базичната инфлација. Согласно проекциите од јуни, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала <u>*5,4%, 3,0% во 2024 и 2,2% во 2025 година.*</u>

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2023 година регистрира раст од 7,0% на месечно ниво и изнесува 80,1 долар за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Во јули цената на нафтата се зголеми на месечно ниво, како резултат на знаците за затегната глобална понуда и очекувана зголемена побарувачка во текот на остатокот од годината. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 26,5%.

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јули 2023 година, цената на природниот гас регистрира раст од 0,6% на месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во јули 2023 година се намали за 75,4%. Овој тренд на намалување на цената започна при крајот на 2022 и продолжи во 2023 година.

Во првата половина од 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година, па така во јули 2023 година цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 94,98 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 1,7%. Цената на електричната енергија во јули регистрира пад од 74,4% на годишно ниво.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јули 2023 година, цените на основните метали регистрираа наизменични движења. Намалување на цените на месечно ниво забележаа алуминиумот за 1,1%, никелот за 0,7% и оловото за 0,6%. Раст на цените регистрираа калајот за 5,6%, цинкот за 1,2% и бакарот за 1,0%.

Цената на железната руда регистрира раст од 0,9% на месечна основа.

Цената на златото во последните три месеци регистрира последователно намалување на месечно ниво, меѓутоа во јули се зголеми за 0,4%. Во јули 2023 година цената на платината се намали за 2,1% на месечно ниво, додека цената на среброто се зголеми за 3,6%.

Цените на пченката и пченицата на светските берзи во јули 2023 година се намалија за 9,2% и 2,8%, соодветно, на месечна основа. Цената на сончогледовото масло регистрира раст од 14,0% во споредба со претходниот месец.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА




График он 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите седум месеци од 2023 година изнесува 11.382,8 милиони евра и бележи пад од 2,6% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - јули 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,0 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите седум месеци од 2023 година изнесува 25,3% и е зголемено за 2,3 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

## Извоз




График он 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*

Вредноста на извезените стоки во првите седум месеци од 2023 година изнесува 4.947,8 милиони евра и бележи раст од 3,8% (180,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 5,2%.

Вредноста на извезените стоки во јули 2023 година изнесува 696,0 милиони евра и бележи раст од 4,0% (26,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,4% споредено со јули 2022 година.




График он 2.3: Структура на извозот по СМТК

Анализирано на месечно ниво, извозот во јули 2023 година бележи раст од 0,3% (1,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 2,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,8 п.п.) врз извозот овој месец.

[1] Започнувајќи од јули 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јули 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, облека, мебел и негови делови, метална руда и отпадоци од метал и електрична енергија. Овие осум групи производи сочинуваат 73,8% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - јули 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 5,1% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан раст од 5,2%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,6% и 11,7%, соодветно.



График он 2.4: Структура на извозот по економска намена (учество во %)

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јули 2023 година изнесува 6.435,0 милиони евра и бележи пад од 7,0% (481,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот пад од 3,7%.



График он 2.5: Структура на увозот по економска намена (учество во %)

Вредноста на увозот во јули 2023 година изнесува 897,1 милион евра, што претставува пад од 4,5% (41,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се зголемени за 35,7% споредено со јули 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2023 година увозот бележи пад од 4,2% (38,9 милиони евра) во однос на

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 0,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2022 | I-VII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 95,7 | 81,0 | -14,6 | -15,3 |
| Мил.ЕУР | 97,1 | 62,3 | -34,8 | -35,8 |
| Мил.$ | 104,1 | 67,6 | -36,6 | -35,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2022 | I-VII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 695,9 | 703,5 | 7,6 | 1,1 |
| Мил.ЕУР | 637,4 | 494,4 | -142,9 | -22,4 |
| Мил.$ | 686,4 | 536,0 | -150,4 | -21,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2022 | I-VII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 43,6 | 46,5 | 3,0 | 6,8 |
| Мил.ЕУР | 1.388,3 | 1.475,3 | 87,0 | 6,3 |
| Мил.$ | 1.503,3 | 1.600,1 | 96,8 | 6,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2022 | I-VII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 18,3 | 16,2 | -2,1 | -11,3 |
| Мил.ЕУР | 108,6 | 107,7 | -1,0 | -0,9 |
| Мил.$ | 117,8 | 116,8 | -1,0 | -0,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2022 | I-VII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 432,0 | 394,9 | -37,1 | -8,6 |
| Мил.ЕУР | 554,6 | 350,4 | -204,2 | -36,8 |
| Мил.$ | 603,1 | 379,7 | -223,4 | -37,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2022 | I-VII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 473,8 | 382,2 | -91,6 | -19,3 |
| Мил.ЕУР | 425,3 | 292,5 | -132,8 | -31,2 |
| Мил.$ | 462,5 | 317,2 | -145,4 | -31,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јули 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 30,8% односно 662,0 милиона евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 25,4% односно 68,4 милиони евра споредено со јули 2022 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - јули 2023 година 86,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Италија,

Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,1% од трговската размена во периодот јануари - јули 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,0% и 89,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,2 п.п., а кај увозот за 1,8 п.п. во однос на периодот јануари – јули 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-VII-2022 | | | | | I-VII-2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 3.181,6 | 6.086.667.436 | 61,6603 | 375.305.740.109 | 88,0 | 3.586,9 | 5.777.112.648 | 61,5956 | 355.844.719.792 | 89,8 | -309.554.789 | -5,1 |
| УСД | 1.100,9 | 843.028.830 | 56,9814 | 48.036.962.990 | 11,3 | 535,1 | 657.995.039 | 56,8400 | 37.400.438.035 | 9,4 | -185.033.791 | -21,9 |
| ГБП | 1,0 | 11.488.939 | 73,1451 | 840.359.573 | 0,2 | 1,2 | 12.522.995 | 70,5010 | 882.883.693 | 0,2 | 1.034.057 | 9,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.283,5 | | | 424.183.062.671 | 99,3 | 4.123,2 | | | 394.128.041.520 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.291,9 | | | 426.474.187.346 | 100,0 | 4.133,3 | | | 396.398.125.767 | 100,0 | | -7,1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2023 година изнесуваа 153.968 милиони денари, односно 17,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,9% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со јули претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 7,0%, а во јуни 2023 година раст од 5,3%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 85.676 милиони денари и се повисоки за 5,8% во однос на периодот јануари – јули 2022 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизи и увозните давачки.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,0% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 37.707 милиони денари и бележат зголемување од 1,0% во однос на перидот јануари – јули претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 62.122 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 24.415 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 0,3%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 2,2% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е

учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 7,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 20,0%. Акцизите се остварени во износ од 15.480 милиона денари (учество од 18,1% во даночните приходи), што претставува зголемување од 7,3% во споредба со периодот јануари – јули 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока остварени вкупно се 53.187 милиони денари, што претставува 62,1% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – јули 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 14.765 милиони денари и бележат раст од 15,3% на годишна основа, а притоа 65,4% од приходите се од плата и други лични примања, 9,1% од приходи од капитал, 8,5% од приходи по основ на договор на дело, 6,2% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – јули 2023 година изнесуваа 11.053 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 7,3% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 21,7%, а даночните биланси се намалени за 10,1%.

Приходите од царина се остварени во износ од 6.269 милиони денари и забележаа зголемување од 9,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 402 милиона денари, забележаа зголемено остварување за 5,0% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 51.341 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 19,4% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,4%, кај придонесите за вработување за 19,8% и кај придонесите за здравствено осигурување за 19,4%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 9.498 милиони денари и во однос на перидот јануари – јули 2022 година забележаа пониско остварување за 3,6% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 581 милион денари, што преставува намалување од 38,5% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 6.130 милиони денари и се повисоки за 241,3% во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2023 година изнесуваа 181.001 милион денари, односно 20,4% од БДП, што е за 22,5% повеќе во однос на истиот период претходната година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 155.589 милиони денари учествуваа со 86,0% и тие се зголемени за 12,8% во однос на периодот јануари – јули 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 20.207 милиони денари, што претставува зголемување за 9,4% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.355 милиони денари и споредено со периодот јануари – јули 2022 година забележаа зголемување од 10,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 115.491 милион денари. Средствата за трансфери бележат раст од 13,0% во однос на периодот јануари – јули 2022 година, а учествуваа со 63,8% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 13,4% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 83.968 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 46,4%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 51.775 милиони денари, што преставува зголемување за 15,9% споредено со периодот јануари – јули 2022 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 28,6%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 11,8%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 14.844 милиони денари и се зголемени за 4,4%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.311 милиони денари бележат зголемување од 16,7% во споредба со истиот период од претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 25.412 милиони денари со структурно учество од 14,0% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 160,0% во споредба со периодот јануари – јули 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во перидот јануари – јули 2023 година реализира 34.305 милиони денари или 64,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,1%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 23.029 милиони денари или 66,0% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 63,8% (8.099 милиони денари) од планираните за 2023 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јули 2023 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 18.712 милиони денари, што е 57,7% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (60,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 11.233 милиони денари или 58,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 3.082 милиони денари, односно 58,8% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јули 2023 година Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 7.073 милиони денари, што претставува 55,5% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,2%, за што се потрошени 4.822 милиони денари или 56,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 22,4%, за што се реализирани 1.587 милиони денари или 66,6% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.085 милиони денари што претставува 69,1% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 94,2% во вкупните расходи, реализирани се 78,6% од планираните средства за цела година, односно 5.731 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – јули 2023 година реализира 8.369 милиони денари, што е 49,2% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 36,4%, за што во овој период се реализирани 3.042 милиони денари (60,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 29,9% во вкупните расходи, и за оваа ставка се потрошени 2.506 милиони денари, односно 40,1% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – јули 2023 година реализира вкупно 5.278 милиони денари, односно 29,4% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 76,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.018 милиони денари (77,8% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари – јули 2023 година изврши буџетски средства во износ од 3.305 милиони денари, или 47,6% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 48,9%, за што се потрошени 1.618 милиони денари или 53,9% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.405 милиони денари (44,3% од планираното за годината) и учество од 42,5% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализира средства во износ од 12.888 милиони денари, што е 64,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 95,3% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (12.281 милион денари или 65,2% од вкупно планираните средства).

Во јануари – јули 2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 740 милиони денари, што претставува 35,6% од предвидените за 2023 година. Плати и надоместоци (298 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 40,2%, а притоа се реализирани 55,7% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 38,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 284 милиони денари или 30,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јули 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 27.033 милиони денари, што претставува 3,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 28.209 милиони денари и претставува 3,2% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – јули 2023 година изнесува 63,2% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првата половина од 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 113.324 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 0,1%. Бројот на новозасновани работни односи, почнувајќи од април 2021 година, бележи тренд на годишен раст, кој во последните две години беше прекинат во октомври 2022 година и двапати во 2023 година (во февруари и јуни). Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување забави поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 41,7% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јули 2023 година, 19,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јули 2023 година изнесува 151.204, од кои 105.948 се активни баратели на работа, а 45.256 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 8,3%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 1.032 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени којшто беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,7%) е градско население, а според половата структура 48,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,0%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 7,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според староснатa структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,5% чекаат 8 и повеќе години.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2023 година оствари годишен раст од 14,6%, а во однос на мај 2023 година таа е повисока за 0,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јуни 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (19,6%), Информации и комуникации (17,9%) и Образование (17,5%). Реалните плати во јуни 2023 година забележаа годишен раст од 4,9%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Просечната номинална бруто-плата во јуни 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 14,9%, а на месечна основа таа е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јуни 2023 година во однос на јуни 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (19,7%), Образование (17,9%) и Информации и комуникации (17,7%). Реалната бруто-плата во јуни забележа годишен раст од 5,1%.

## Пензии

Во јули 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 335,232 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,5% се корисници на старосна пензија, 22,3% на семејна пензија и 8,2% на инвалидска пензија.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Просечната пензија во јули 2023 година изнесува 19.039 денари и таа е повисока за 17,2% во однос на истиот

месец од 2022 година[4]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според новата методологија којашто предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,3%.

Просечната старосна пензија во јули 2023 година изнесува 20.563 денари, просечната инвалидска пензија 16.965 денари, а просечната семејна пензија 15.055 денари. За исплата на пензиите во јули 2023 година се потрошени 6.306 милиони денари, што претставува 49,8% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јули 2023 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 6,0%. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Во јули, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа непроменети и изнесуваат 3,90% и 3,95%, соодветно.

## Примарни пари

Во јули 2023 година, примарните пари[5] се зголемија за 5,9% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 8,2% и на растот на готовите пари за 4,0%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 4,0%, што е резултат на зголемувањето на готовите пари во оптег и вкупните ликвидни средства на банките за 6,8% и 0,8%, соодветно.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( јули 2023 година)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[6]

Вкупните депозити на банките во јули 2023 година се зголемија за 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот

[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[5] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[6] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

месец, депозитите на претпријатијата имаа доминанто учество во растот и се зголемија за 1,0%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,1%.

Од аспект на валутата, во јули 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа зголемување за 0,4% и 0,5%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2023 година оствари раст од 11,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 15,2% и 6,2%, соодветно, на годишно ниво.

Од аспект на секторот, на годишно ниво, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 18,9%, а депозитите на домаќинствата раст од 8,4%.

Според рочноста, краткорочните депозити се зголемија за 3,0%, а долгорочните депозити за 20,7% на годишно ниво.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2023 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***510.200*** | ***0,5%*** | ***11,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *285.227* | *0,4%* | *15,2%* |
| *Странска валута* | *224.974* | *0,5%* | *6,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *216.479* | *0,6%* | *3,0%* |
| *Долгорочни* | *109.689* | *1,4%* | *20,7%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***433.596*** | ***-0,2%*** | ***5,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *247.031* | *-0,1%* | *3,5%* |
| *Странска валута* | *186.565* | *-0,3%* | *8,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *66.932* | *-2,2%* | *-4,5%* |
| *Долгорочни* | *351.444* | *0,2%* | *8,7%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во јули 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,2% на месечно ниво, што се должи на падот на кредитирањето на претпријатијата за 0,9%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 0,4%.




Од аспект на валутата, во јули 2023 година, денарските и девизните кредити се намалија за 0,1% и 0,3%, соодветно, на месечно ниво.

На годишна основа, во јули 2023 година вкупните кредити се зголемија за 5,8%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата од 5,0% и 6,4%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 3,5%, а кредитите во странска валута за 8,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,7%, додека краткорочните кредити се намалија за 4,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,37 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,49%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,35 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,63%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,39 п.п. и изнесува 5.32%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во јули 2023 година се зголеми за 0,10 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,50%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,10 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,93%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,09 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 1,14%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2023 година вкупниот промет на берзата регистрира пад од 48,9% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 51,9%, како и на падот на прометот од блок трансакциите за 38,1%.

Вкупниот промет на берзата во јули 2023 година изнесува 196,4 милиони денари и е намален за 54,4% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јули 2023 година изнесува 5.778,15 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 1,2%, а во однос на истиот месец претходната година регистрира пад од 1,7%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јули 2023 година изнесуваа 3.801,69 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 9,3%, а во однос на јули 2022 година се зголемија за 18,9%.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0